**Агенција за филм на Република Северна Македонија**

У С Л О В И   З А   У Ч Е С Т В О   Н А   К О Н К У Р С

К Р И Т Е Р И У М И   И   М Е Р И Л А   З А   Ф И Н А Н С И Р А Њ Е

З А Д О Л Ж И Т Е Л Н И   Д О К У М Е Н Т И   И

**ПРИЈАВА ЗА ПОДДРШКА НА ЧЛЕНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИ ФИЛМСКИ ОРГАНИЗАЦИИ**

Јануари, 2021 година

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Конкурсот е наменет за поддршка на проекти за членство на Република Северна Македонија во меѓунардони филмски организации и асоцијации.

## II. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Право на учество на конкурс имаат правни лица како и непрофитни организации, задруженија на граѓани кои се регистрирани за вршење на дејност во областа на филмската дејност, регистрирани во Централен регистар на Република Северна Македонија.

## III. ПРИОРИТЕТИ ЗА ФИНАНИРАЊЕ

Приоритет во финансирањето ќе имаат оние правни лица кои континуирано и долгогодишно членуваат во  меѓунардони филмски организации и асоцијации (да не биде помало од 10 години).

## IV. КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

Критериуми по кои ќе се врши изборот на проектите се следните:

- Правното лице ја претставува и афирмира македонската култура и кинематографија;
- Врши промоција и заштита на техничките и уметничките вредности на кинематографските вредности;
- Врши прмоција на интернационалното разбирање и соработка во полето на уметноста културата, образованието и науката  во согласност со принципите на ЕУ и УНЕСКО;
- Правното лице ја претставува и афирмира македонската култура и кинематографија преку филмската критика;
- Учество во креирање на законските регулативи во Европа кои се од посебен интерес за филмовите и филмската индустрија;
- Република Македонија се јавува како долгогодишна членка во меѓународната филмска организација или асоцијација.

Целосната документација во прилог на Пријавите кои ќе бидат доставени на Конкурсот, ќе биде разгледувана од страна на Филмскиот совет;

Одлуките за прифаќање или одбивање на Пријавените проекти ги донесува Управниот Одбор; Рокот за донесување на Одлука по поднесена Пријава е 60 дена сметајќи го денот од доставувањето на Пријавата.

## V. ВИСИНА НА УЧЕСТВОТО НА АГЕНЦИЈАТА ВО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ

Агенцијата за филм  ќе учествува во финансирањето проектите и тоа за плаќање на износот за членарина во целост, додека во останатите трошоци зависно од расположливите средства на Агенцијата. Изборот ќе се изврши во согласност со расположливите средства на Агенцијата за филм.

## VI. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА

Апликантите чии Пријави се одобрени на Конкурсот, односно корисниците на средствата, се должни доделените средства од Агенцијата за филм да ги трошат наменски и законски согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија и одредбите пропишани во договорот кој ќе го склучат со Агенцијата за филм.

Корисниците се обврзани да достават наративен извештај и финансиски извештај со прилог документација за направени трошоци (фактури, фискални сметки и сл.) и докази за направени трошоци (изводи од банка).

## VII. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ

**Апликантите во прилог на Пријавата задолжително е да ја достават следната документација на македонски јазик:**

- Пријава
- Документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија
- Портфолио на правното лице, статут или правилник за негова работа
- Буџет со специфицирани трошоци

**ПРИЈАВА**
**за финансирање на проекти за членство на Република Северна Македонија во меѓународни филмски организации**

| ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА | |
|---|---|
| **Правно лице** | |
| Адреса: | |
| Контакт телефон: | |
| Контакт емаил: | |
| **Веб локација:** | |
| **ЕМБС** | |

| ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ | |
|---|---|
| **Назив на проектот/членството** | |
| **Цел на проектот** | |
| **Да се наведе од кога правното лице членува во оваа организација** | |
| **Вкупен износ на средства потребни за проектот** | |
| **Средства кои се побаруваат од Агенцијата за филм на Република Северна Македонија** | |

Датум на поднесување на Пријавата:

--------------------------------

Потпис на подносителот на Пријавата:

--------------------------------

НАПОМЕНА: Со потпишување на оваа Пријава правното лице ја потврдува точноста и комплетноста на горенаведените податоци